# ПО 19. ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ НА РОДОЉУБИВИ И ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ



**МУЗИКА**

**Мишко Талески и Сузана Спасовска се закитија со први места на 19. издание на Фестивалот на родољубиви и патриотски песни "Гоце фест".**

Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

# "МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ" И "МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА" ТРИУМФИРАА НА ГОЦЕФЕСТОВСКАТА СЦЕНА





Мишко Талески со песната "Македонија на Македонците" и оваа година триумфираше на Фестивалот за патриотски и родољубиви песни "Гоце Фест", кој се одржа на 16 февруари во Универзална сала. Со 219 гласа тој се закити со прва награда од публиката, додека жирито се одлучи првото место да ѝ го додели на Сузана Спасовска и песната "Македонска крвава свадба". Овие две награди не беа единствените кои сосема заслужено се најдоа во рацете на врвните интерпретатори Сузана и Мишко. Наградата за најдобар текст на Фестивалот, на кој е потпишан и самиот интерпретатор, отиде кај Талески, додека Спасовска ја доби и наградата за најдобар сценски настап за преубавата драмско-музичка изведба. Втората и третата награда од публиката заминаа кај дуетот Ани Малинкова и Дарко Билбиловски за нумерата посветена на Љубе Бошкоски, "Син македонски", а Петар Нечоски со гласовите за својата песна "Име ни е Македонија" се најде на третото место. Војо Стојановски и Соња Тарчуловска, кои настапија во дует со песната "Брат и сестра", ја освоија втората награда од жирито, додека третото место го делат Виданка Георгиевска со "Порече порти отвора" и Софија Ҵорлева-Здравковска за песната "Песно потечи". Наградата за интерпретација ја понесе песната "Аманет, овде под туѓо небо" во изведба на групата "Академци", најдобри дебитанти на годинешниов "Гоце Фест" се групата "Бумбари бенд", кои пееја "Македонија земја рисјанска", а наградата за најдобар аранжман ја добија Сашо Ливрински и Тодор Трајчевски. Здружението на децата бегалци ѝ додели посебна награда на песната која ним им се допадна, песна која говори за нивниот егзодус, "Раната сè уште боли", во интерпретација на Јулија, а Здружението на припадниците на безбедносните сили "Достоинство" му додели признание на дуетот Малинкова и Билбиловски, за песната "Син македонски". По повод 30 години на сцена сосема заслужно признание доби и вокалната женска група "Сирма".